**Известување за концентрација со која Ромгрин Универзал Лимитед од Кипар ќе стекне самостојна контрола над Елтекс Рисајклинг С.Р.Л. од Романија (предмет бр. 08-91 од 20.11.2019 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) на ден 20.11.2019 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во натамошен текст: Комисијата) доставено е известување за концентрација кое се однесува на стекнување на самостојна контрола од страна Ромгрин Универзал Лимитед со регистрирано седиште на Продромоу и Димитракопоулоу 2, 5ти спрат, 1090 Никозија, Кипар над Елтекс Рисајклинг С.Р.Л. со регистрирано седиште на ул. 5, Октавиан Гога, Орадеја округот Бихор, Романија, по пат на купување на 100% од уделите во целното друштво.

**Formatted:** Normal, Line spacing: single

**Учесници во концентрацијата и нивните деловни активности:**

Ромгрин Универзал Лимитед е холдинг друштво кое припаѓа на Абрис Групата. Абрис Групата е составена од приватни инвестициски фондови (*equity funds*) и портфолио друштва активни во разни сектори. Абрис Групата е присутна на пазарот во Република Северна Македонија директно (преку друштвото ГРИНТЕХ МК ДОО Скопје, со регистрирано седиште на улица 852 бр.62, Гази Баба, Скопје и регистрирана приоритетна дејност обновување на посебно издвоени материјали) и индиректно (преку продажби во Република Северна Македонија од страна на нејзини друштва со седишта надвор од државата).

Елтекс Рисајклинг С.Р.Л. е друштво кое е организирано и постоечко согласно прописите на Романија. Елтекс е активно со собирање и преработување на разни видови на отпад во Романија.

Елтекс Рисајклинг С.Р.Л. не е воопшто присутно во Република Северна Македонија и нема остварено било каков приход во Република Северна Македонија во претходната година (2018).

Релевантниот пазар на стоки за пријавената концентрација би можел да се дефинира како пазар за собирање и преработување на отпад (но прецизната дефиниција може да се остави и отворена имајќи во предвид дека целното друштво нема присуство или приходи во Република Северна Македонија). Што се однесува до географскиот обем на релевантниот пазар за концентрацијата, подносителот предлага релевантниот географски пазар да биде дефиниран како територијата на Република Северна Македонија.

21.11.2019 година

Скопје